Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 19.07.2020

На 19.07.2020 во 01,10 часот во Полициска станица Крива Паланка било пријавено дека во близина на угостителски објект на ул.,,Св.Јоаким Осоговски" во Крива Паланка, Т.Т., полициски службеник, испукал пет куршуми во воздух од службен пиштол, по што го напуштил местото на настанот. Подоцна од полициски службеници Т.Т. бил лишен од слобода,а кај него и во патничко моторно возило„Пежо" управувано од Т.Т. при извршен преглед биле пронајдени и одземени: пиштол „ЦЗ" кал.9мм, една рамка за муниција за пиштол „ЦЗ", 10 куршуми кал.9мм, една рамка со 30 куршуми кал.7,62мм и лични предмети, а од местото на настанот биле подигнати 2 испукани чаури кал.9мм за понатамошна постапка. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Крива Паланка. За настанот е известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.07.2020 околу 22.30 часот во близина на училиште на ул.„Бранко Заревски" во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен Е.А.(21) од Скопје бидејќи при обид за негово легитимирање истиот не носел заштитна маска, го навредувал и физички го нападнал полицискиот службеник. По целосно документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.07.2020 во 01.30 часот во СВР Скопје, С.К.А.(44) од Скопје пријавила дека на 18.07.2020 околу 21.40 часот, во близина на училиште на ул.„Женевска" во Скопје, нејзиниот 16 годишен син кој бил заедно со уште еден 16 годишен малолетник по претходна расправија биле физички нападнати од група непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.07.2020 околу 08,30 часот во СВР Битола било пријавено дека на локалниот пат с.Буково,Битола на место викано„Ѓубриште" при сечење на дрва се повредил Н.М.(29) од с.Јаболчиште,Велес, кој со возило на итна медицинска помош бил пренесен во Комплекс клиники„Мјака Тереза" за укажување на лекарска помош.  Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.07.2020 во 23.00 часот пред угостителски објект на локален пат Тетово- Бањиче патничко моторно возило„Мерцедес" со тетовски регистарски ознаки управувано од  Ш.Г.(32) од с.Лисец излетало од патот во коритото на река Пена. Во незгодата од здобиените повреди на лице место починала сопатничката М.К.(44) од Тетово, а смрт е констатирана од доктор од итна медицинска помош. По незгодата со возило на итна медицинска помош, Ш.Г. и сопатниците Ш.К.(19) од Тетово кај која од доктор се констатирани тешки телесни повреди и Б.Е.(34) од Гостивар се пренесени во Клиничката болница во Тетово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршил јавен обвинител и екипа од СВР Тетово. По наредба на јавен обвинител телото на починатата е пренесено во Клиничката болница во Тетово - Оддел за Судска Медицина за да се изврши надворешен преглед од доктор.

На 18.07.2020 во 05,00 од полициски службеници од Полициска станица Гевгелија биле задржани С.С.(35),С.Ѓ.(48) и Б.М(35) сите од Р.Србија поради постоење основано сомнение дека сториле кривично дело казниво по чл.418 од Кривичниот законик. Лицата се предадени на полициски службеници од Граничен премин„Богородица" за понатамошна постапка.

На 17.07.2020 околу 18.30 часот во СВР Скопје, Г.Р.(49)  пријавил дека во куќа на ул.Бигла во сопственост на неговиот дедо В.Т.(74) од Скопје истиот го пронашол починат на подот во една од собите. Од доктор од итна медицинска помош била констатирана смрт. За настанот е известен јавен обвинител по чија наредба телото на починатиот е пренесено во Институтот за Судска медицина и криминалистика на обдукција. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.07.2020 во 11.30 часот во Полициска станица Бит Пазар, М.К.(45) од Скопје пријавил дека околу 11.00 часот забележал дека на неговата куќа на ул.Панче Неделковски на кровната конструкција имало оштетување од искпукано зрно од огнено оружје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје и подигнала едно зрно. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.07.2020 во 19,40 часот во Полициско одделение Мирковци, С.Р.(56) од Скопје пријавила дека во близина на прочестителна станица во с.Бразда, нејзиниот сопруг З.Р.(53) бил каснат од куче скитник.

На 18.07.2020 во 23.59 часот во СВР Скопје, Р.Д.(19) од Скопје, пријавил дека околу 23.45 часот додека бил заедно со И.Х.(18) од Скопје во близина на угостителски објект на ул.Втора македонска бригада биле физички нападнати од неколку непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.07.2020 во 04,00 часот во СВР Скопје, Х.А.(37) од Скопје, пријавила дека на 17.07.2020 во 19,00 часот од семејниот дом во с.Инџиково се оддалечиле нејзините ќерки А.А.(15) и А.А.(13). По кажување на пријавителката истите можеби престојувале кај Р.С. во с.Арачиново.Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 18.07.2020 во 20.30 часот во СВР Битола, Ф.М.(49) од Битола пријавила дека околу 16.00 часот нејзината ќерка С.М.(15) се оддалечила од семејниот дом на ул. Караорман во Битола по што пријавителката во 17.00 часот контактирала со нејзината ќерка која и кажала дека отпаувала за Прилеп, и се до моментот на пријавување била недостапна. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 19.07.2020 во 02.00 часот во Полициска станица Прилеп, Д.Д.(32) од Прилеп пријавил дека околу 00.20 часот на ул.,,Војводинска" по претходна расправија бил физички нападнат со камен од Д.С. кој потоа бил приведен од полициски службеници од Полициска станица Прилеп. Се преземаат мерки за расчситување на случајот.

На 19.07.2020 во 02,50 часот во Полициска станица Кочани било пријавено дека во близина на казино во Градскиот трговски центар во Кочани  бил пронајден М.Р.(23) од Кочани кој имал конзумирано алкохол и бил во бесознание. Истиот со возило на итна медицинска помош бил пренесен во Општата болница Кочани за укажување на лекарсака помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.07.2020 во 17.30 часот во СВР Струмица, М.Д.(35) од с.Банско пријавила дека околу 13.00 часот во двор во нејзина сопственост во с.Банско истата, додека била заедно со нејзините две деца и К.С. биле физички нападнати од А.Д. и И.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.07.2020 во 02.15 часот во СВР Струмица, Г.П.(19) од с.Ново Село пријавил дека околу 00.30 часот  пред угостителски објект во Струмица по претходна расправија бил физички нападнат од неколку непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.07.2020 во 19.40 часот во Полициска канцеларија Градско, У.Е.(21) од Градско пријавил дека околу 19.30 часот во близина на  винарија на ул.Борис Трајковски во Градско по претходна расправија бил физички нападнат од И.С. и И.Ф. од Градско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во 09,30 часот во СВР Велес било пријавено дека на периферијата на Неготино во лозов насад од полициски службеници бил забележан пожар на викенд куќа по што била повикана противпожарна единица кој го локализирала пожарот, а во викендицата било пронајдено човечко тело. За настанот е известен јавен обвинител и ќе биде извршен увид.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет